**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11. 12. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6382 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: 10 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 11 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („*При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта*");

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 10 декември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, е објавен - аудиовизуелен материјал поврзан со учесник во изборите.

Во емисијата „Светот на сообраќајот", со вкупно времетраење од 13:12:32 до 13:36:10, емитуван е прилог за – опасностите од злоупотреба опојни droги при управување со моторно возило - во кој како стручно медицинско лице учествува проф. д-р Андон Чибишев, учесник во изборниот процес на Предвремените парламентарни избори како кандидат на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др.

**10.12.2016**

| Период на емитување на прекршувањето | Опис: |
|---|---|
| 13:13:32 – 13:19:30 | Во емисијата – „Светот на сообраќајот", емитуван е прилог за – опасностите од злоупотреба опојни дроги при управување со моторно возило - во кој како стручно медицинско лице учествува проф. д-р Андон Чибишев, учесник во изборниот процес на Предвремените парламентарни избори како кандидат на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. |

***Сектор за програмски работи***